# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО 2024 ГОДИНА

КРАТОК ДОКУМЕНТ
ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# Краток документ за јавни политики Состојбата со говорот на омраза во 2024 година

## Хелсиншки комитет за човекови права

Скопје
јануари 2025

*This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.*

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во 2024 година, платформата www.govornaomraza.mk регистрираше 1391 пријава за говор на омраза. Најзастапен беше говорот на омраза по национална и етничка припадност, особено во контекст на изборните процеси (парламентарните и претседателските избори), политички изјави и општествени настани. Сериозен пораст беше забележан и кон ЛГБТИК+ заедницата, особено за време на Скопје Прајд 2024 и други настани со висока видливост. И покрај бројните пријави, институционалниот одговор е слаб, а ниту една кривична пријава поднесена од Хелсиншкиот комитет не резултираше со обвинение.

КЛУЧНИ НАОДИ:

- 1391 пријава за говор на омраза – најмногу по национална (601), етничка (566) и политичка припадност (236), но и по сексуална ориентација и родов идентитет (230).
- Голем дел од случаите се однесуваат на изборни кампањи, настани поврзани со ЛГБТИК+ заедницата, јавни настани и прослави на етнички симболи.
- Речиси сите пријави се однесуваат на содржини на социјални мрежи (коментари, статуси, видеа).
- Институциите не постапуваат со должно внимание – поднесени се 7 кривични пријави, без конкретни обвиненија.
- Комисијата за спречување и заштита од дискриминација има ограничени капацитети поради немање пристап до податоци за сторителите.
- Забележан е сериозен говор на омраза поврзан со Парадата на гордоста, транс родови лица, Роми, како и со етнички/национални симболи.

# Детален преглед на состојбата со говорот на омраза

Во **јануари** 2024 година, со најавата за парламентарни и претседателски избори на 24 април и 8 мај 2024 година и составот на техничката Влада, забележан е пораст говорот на омраза и вознемирувачкиот говор по политичка и етничка основа.

Во текот на **февруари** Хелсиншкиот комитет забележува зголемен и интензивиран говор на омраза по етничка припадност, но поврзано со политичкиот контекст и предизборниот период. Како резултат на ова повеќе од половина од регистрираните случаи во овој месец имаат етнички предзнак. Дополнително, забележан е мизогин и навредлив говор насочен кон кандидатките за Претседател на државата.

Хелсиншки комитет забележа и говор на омраза на социјалните мрежи поврзан со изложбата, мултимедијален проект со назив „Горчлив шеќер'' која се одржуваше во Музејот на современа уметност - Скопје. На социјалните мрежи се креариаа лажни вести и говор на омраза насочени кон авторот поради претпоставена сексуална ориентација. Забележани беа коментари и статуси кои ја демонизираат ЛГБТИ заедницата како и коментари кои поттинуваат насилство и дискриминација. Хелсиншки комитет ценеше дека ваквиот говор дополнително ја стигматизира заедницата и поднесе две кривични пријави за три лица за извршено кривично дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на

компјутерски систем” опишан во член 394г од Кривичниот Законик.

На **29 март**, во Скопје се одржа Марш за видливост на трансродовите лица, кои се една од најмаргинализираните заедници. Поради видливоста на трансродовите лица на Маршот, пропорционално се зголеми говорот на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Хелсиншки комитет поднесе кривична пријава до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика за извршено кривично дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем” опишан во член 394г од Кривичниот Законик, против администраторите на Фејсбук страницата „Преземи одговорност“ кои преку компјутерски систем промовирале идеи што поттикнуваат дискриминација, насилство и омраза врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет.

Во април во предизборниот период на вториот круг на претседателски и парламентарните избори забележан е пораст на говор на омраза и вознемирувачки говор врз основа на етничка, национална и политичка припадност.

Националистичките говори на лидерите на политичките партии, веење на албански знамиња и знамиња на други држави, а во отсуство на застапеност на државните знамиња на митинзите на партиите, извикување на содржини како „UCK” од страна на албанскиот блок придонесуваат кон предизвикување на омраза помеѓу двете најголеми етнички заедници во државата.

Хелсиншкиот комитет на 29.04.2024 година поднесе претставка за Вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, врз основа на член 10 ст.1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до Комисија за спречување и заштита од дискриминација. Имено, на платформата Инстаграм, по одржувањето на првиот круг на Претседателските избори во Република Северна Македонија, лицето ЗШ објавил видео од локалот Комитет во Скопје, локал кој претставува безбеден простор во кој се социјализира ЛГБТИ заедницата преку различни настани. Видеото има два хаштази и порака од пријавеното лице - „Еве едно предлог место за Стево Пендаровски, Комитет #ПедериОбединетеСе #Втора Рунда”. Снимена е и објавена локацијата каде се наога локалот Комитет. За овој случај Комисијата за спречување и заштита од дисриминација на 31.05.2024 година, донесе Мислење со кое утврди вознемирување кон ЛГБТИ заедницата согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

На **26 мај** беше одржана прес конференцијата за најавата на Парадата на гордоста во Скопје, и најавата за нејзиното одрување. Оваа вест беше дочекана со хомофобичен и трансфобичен говор од страна на пошироката јавност. Така и оваа година, со зголемување на видливоста на ЛГБТИ заедницата пропорционално се зголемуваше и говор на омраза.

Овој **јуни** месецот на гордоста го одбележа говорот на омраза пред и по Парадата на гордоста која се одржа во Скопје на 22 јуни. Беше забележан вирален говор на омраза на социјалните мрежи, кој содржеше загрозување на сигурноста, закани, повикување на насилство, вознемирување кон ЛГБТИ заедницата. Хелсиншкиот комитет поднесе кривична пријава против 9 лица за коментари на социјалната мрежа фејсбук за Загрозување на сигурноста (член 144 ст.5 од КЗ) в.в со Ширење ксенофобичен и расистички говор преку компјутерски систем (член 394г од КЗ).

Во текот на месец **јуни** Хелсиншкиот комитет заедно со Здружението за едукативен развој Еквалис како организатори на летна школа за ЛГБТИ млади, поднесоа кривична пријава против две лица и други непознати лица - корисници на социјалната мрежа фејсбук заради ширање хомофобичен говор преку компјутерски систем кои промовирале идеја и теорија која промовира и поттикнува дискриминација и насилство кон лица со различна сексуална ориентација и родов идентитет. До Хелсиншки комитет за човекови права стигна Известување на 18.12.2024 од Основното јавно обвинителство Скопје, дека нема место за јавно обвинителска одлука од причини дека не се исполнети елементите на кривичните дела. Дополнително, овој предмет е заведен под РО број кој пак не претставува пријава за настан, по кој оштетените немаат право на жалба. Незадоволни од ваквата одлука на надлежното обвинителство Хелсиншкиот комитет на 26.12.2024 година испрати Претставка до Вишото јавно обвинителство поради прекршување на членот 10 од Европската конвенција за човекови права, по однос на легитимните ограничувања на слободата на говор, како и обврската за истрага спроведена со должно внимание како и за овозможување на правото на жалба во постапки кои се пријавуваат за ширење на говор на омраза.

На самиот почеток на месец **јули** забележан е говор на омраза врз основа на етничка и национална припадност поради веста дека албански планинари на планината Кораб, на врвот Голем Кораб го замениле македонското со албанско знаме. Овој настан предизвика епизода на омраза помеѓу двете најголеми етнички заедници.

Отварањето на Олимписките игри во Париз и промоцијата на различните родови идентитети и родови изрaувања при самата церемонија, беше дочекана со навреди и омаловажувања врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Од таму беше забележан и говор на омраза како и вознемирувачки говор и повикување на насилство кон оваа заедница.

На самиот почеток на месец **август** забележан е говор на омраза на социјалните мрежи предизвикан од веста за победата на алжирската боксерка Иман Хелиф за која на медиумите излегоа непотврдени информации дека е интерсекс лице, со наслов „Биолошки маж боксуваше со жена на олимписките игри во Париз. Италијанката со солзи во очите го предаде мечот за 45 секунди“. Ваквите наслови објавени од страна на интернет порталите предизвикаа говор на омраза и вознемирувачки говор врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, забележан во коментарите.

На 8 Август, на Карпалак се одбележуваше годишнината од смртта на македонските бранители кои го загубија животот за време на вооружениот конфликт во 2001 година. Веста дека спомен-плочата во чест на загинатите бранители кај Карпалак беше скршена, само еден ден по одбележувањето на годишнината од нивната смрт, беше дочекана со реакции забележани на социјалните мрежи кои содржат вонемирувачки говор и говор на омраза на етничка и национална основа.

Во текот на месец **септември** на платформата беше пријавен говор на омраза забележан на социјалните мрежи по основа на национална припадност кој се однесува на националностите на земјите на Западен Балкан, а особено во овие рамки се забележани територијални претензии и географски карти на кои се претставени Голема Албанија, Голема Македонија, Голема Србија, како и негирање на Македонија од страна на државјани на Република Бугарија.

На вест која беше објавена на социјаните мрежи дека едно лице застрелало жена па извршило самоубиство забележани се коментари со елементи на говор на омраза заснован на пол и род кои беа регистрирани на платформата.

На социјалните мрежи забележан е и навредувачки и омаловажувачки говор помеѓу двете најголеми етнички заедници во државата и тоа без некој посебен настан што би предизвикал ваков говор на омраза.

Како во претходниот, така и текот на октомври на платформата забележан е тренд на социјалните мрежи по основа на национална припадност кој се однесува на

националностите на земјите на Западен Балкан, а особено во овие рамки се забележани територијални претензии и географски карти на кои се претставени Голема Албанија, Голема Македонија, Голема Србија, како и негирање на македонскиот народ и идентитет од страна на државјани на Република Бугарија.

На социјалните мрежи за 11 Октомври - Денот на востанието на Македонија против фашизмот забележан е и навредувачки и омаловажувачки говор помеѓу етничките и различните национални групи.

Во **ноември,** како и во претходниот, на врвот на листата најмногу пријави на платформата се однесуваат на говор на омраза врз основа на национална и етничка припадност. Особено е забележан говор на омраза поттикнат од славењето на Денот на знамето на Албанија, на 28 ноември кога на социјалните мрежи беше објавено видео како при славењето беше уништено македнското знаме.По овој настан беше забележан говор на омраза и вознемирувачки говор по етничка припадност.
Во последниот месец од календарската година декември на врвот на листата се наоѓаат пријавите на платформата кои се однесуваат на говор на омраза врз основа на национална и етничка припадност.

Во овој период, на социјалните мрежи забележан е говор на омраза и епизода на меѓуетнички навреди и повикување на насилство поради прославата на Денот на албанското знаме во основното училиште во селото Челопек.

Дополнително, на социјалната мрежа Фејсбук се забележани и коментари кои содржат говор на омраза, а кои повикуваат и поттикнуваат дискриминација кон Ромите во Штип.

Во периодот јануари-декември 2024 година, иницирани беа вкупно 7 постапки, и тоа две до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи, една до Сектор за економски и компјутерски криминал при Сектор за внатрешни работи Скопје, две до Основното јавно обвинителство во Скопје, една до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

## Заклучоци

1. Социјалните мрежи се главен простор за ширење на говор на омраза.
2. Политичките настани, избори и етничките симболи се директен тригер за пораст на омраза.
3. ЛГБТИК+ заедницата и понатаму е мета на координирани кампањи на омраза.
4. Јавното обвинителство не презема доволно активности, и ниту една пријава не резултира со одлука.
5. Постојат правни и технички пречки за Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да преземе конкретни мерки за справување со говорот на омраза.

# ПРЕПОРАКИ

- Засилен мониторинг на социјалните мрежи и одговорност на платформите за говорот на омраза.
- Законски измени кои ќе овозможат пристап до податоци за сторители (особено онлајн) и полесна идентификација.
- Поригорозни санкции за говор на омраза по етничка припадност, особено за време на избори.
- Мониторинг и санкции за политички актери кои шират омраза.
- Медиумска писменост и образовни програми во училиштата.
- Создавање механизми за заштита на ЛГБТИК+ жртви и лесно пријавување на нападите.

Funded by
the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните
заштитни механизми против
говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА